Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,4/19, 7/19 и 1/21), постапувајќи по службена должност, за интервенција врз зеленило, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши отстранување (расчистување на терен) од нискостеблеста вегетација и грмушести изданоци на **Бул. ‘’Христијан Тодоровски Карпош‘’ КП 5515/2, КО Бутел – Скопје**
2. Отстранувањето на нискостеблеста вегетација и грмушести изданоци ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, во рок од 7 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Отстранувањето на нискостеблеста вегетација и грмушести изданоци да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по службена должност вработени стручни лица од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека потребно е да се изврши отстранување на нискостеблеста вегетација и грмушести изданоци на КП 5515/2 КО Бутел, односно расчистување на терен заради изградба на Мега парк.
Согласно член 8 односно член 9 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,, - Скопје.
Во член 29 став 1 од наведениот закон стои дека постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на оштетено дрво, како и за дрво за кое надлежната служба ќе утврди потреба за негово сечење, односно кастрење, започнува со барање на физичко, правно лице или по службена должност.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: “С” или кастрење “К”).
Во конкретниот случај овој орган, по службена должност, има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека потребно е расчистување на нискостеблеста вегетација и грмушести изданоци заради изградба на Мега парк .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-сл/2**
**12.11.2025** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје и Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

______________________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

______________________

Помошник Раководител на сектор
**Петар Гичаровски**

______________________

Градоначалник на Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**

______________________

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , постапувајќи по службена должност, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.**14-Сл**/2 од 12.11.2025 на КП 5515/2 КО Бутел во Општина Бутел, донесено од Градоначалникот на Град Скопје.
2. Решението бр. **14-Сл**/2 од 12.11.2025 год., донесено од Градоначалникот на Град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по службена должност овој орган, има направено увид на ден **12.11.2025** година. При увидот е утврдено дека потребно е да се изврши отстранување (расчистување на терен) на нискостеблеста вегетација и грмушести изданоци на КП 5515/2, КО Бутел, заради изградба на Мега парк.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои потреба од отстранување на нискостеблестата вегетација и грмушести изданоци, за што постои јавен интерес и наместо нив да се засадат нови дрва, за што исто така постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

**Бр. 14-Сл/3**
**12.11.2025** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

______________________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

______________________

Пом.Раководител на Сектор
**Петар Гичаровски**

______________________

Градоначалник на Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT-SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT